ПРЕДЛОГ

**ЗАПИСНИК**

**од 26-та седница на Собранието на ИОРРМ**

На ден 07.06.2019 година во Амфитеатар 2 на Економскиот факултет во Скопје, со почеток во 14.00 часот, се одржа 26-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ) на кое присуствуваа членовите на ИОРРМ.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на ИОРРМ, Драган Димитров. Пред да се пристапи кон усвојување на доставениот предлог дневен ред, престедателот констатираше дека на седницата присуствуваат 28 членови на ИОРРМ. Бидејќи првобитно закажаната 26-та седница што требаше да се одржи на 31.05.2019 година, не се одржа заради неостварен потребен кворум за работа, а кога присуствуваа 83 членови на ИОРРМ, претседателот констатираше дека согласно член 22 од Статутот на ИОРРМ, на оваа седница ќе се одлучува по точките од предложениот предлог дневен ред без оглед на бројот на присутните.

По однос на доставениот предлог дневен ред претседателот ги информираше присутните дека во предвидениот рок во поканата за седницата, не се доставени предлози за изменување и дополнување на предлог дневниот ред.

Присутните членови гласаа за дневниот ред на 26-та седница на Собранието на ИОРРМ, при што дневниот ред беше едногласно усвоен, односно на седницата се работеше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на членови на Работна група за спроведување на избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.
2. Избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.

   А. Пет члена на Дисциплинска комисија (заради истечен мандат).

   Б. 1 член на Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори (заради истечен мандат).

   В. 1 член на Надзорен одбор (заради поднесена оставка).
3. Усвојување на Записникот од 25-та седница на Собранието на ИОРРМ.
4. Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година:

   а. Извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

   б. Извештај на Надзорниот одбор за годишната сметка и извештајот на февизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година.
5. Усвојување на резултатите од изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.

ПРЕДЛОГ

На 26-та седница на Собранието на ИОРРМ се водеа следните дискусии по точките од дневниот ред:

1. **Избор на членови на Работна група за спроведување на избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.**

   По првата точка од дневниот ред, претседателот ги предложи Бранка Стојановска, овластен ревизор, вработена во ИОРРМ, Калина Велковска административно-правен консултант во ИОРРМ и Елена Трпковска Василевска, овластен ревизор за членови на Работната група.

   Потоа, претседателот ги покани присутните членови да достават свои предлози за членови на Работната група. Бидејќи не беа доставени други предлози, предлогот за членови на Работната група е следниот:

   - Бранка Стојановска, член и претседател на Работната група;
   - Калина Велковска, член на Работната група;
   - Елена Трпковска Василевска, член на Работната група;

   Предлогот за членови на Работната група беше едногласно усвоен.

2. **Избор на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.**

   Претседателот ги информираше присутните дека гласачките ливчиња беа изготвени така што го вклучуваат предлогот на Управниот одбор за членови, а додека не беа доставени предлози поддржани од 5 членови на ИОРРМ. Претседателот ги информираше присутните за тоа како ќе се движи текот на гласањето согласно Статутот на ИОРРМ. Беа поделени гласачките ливчиња (3 гласачки ливчиња). Потоа, присутните членови пристапија кон тајно гласање со пополнување на гласачките ливчиња кои се ставаа во соодветна гласачка кутија на која стои назнака за кој орган или комисија на ИОРРМ се однесуваат.

   Откако заврши гласањето, претседателот предложи седницата на Собранието да продолжи со работа по преостанатите точки од дневниот ред, додека Работната група ги пребројува резултатите од гласањето.

3. **Усвојување на Записникот од 25-та седница на Собранието на ИОРРМ.**

   Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка. Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Записникот од 25-та седница на Собранието на ИОРРМ беше едногласно усвоен.

4. **Усвојување на Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година:**

   а. Извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

   б. Извештај на Надзорниот одбор за годишната сметка и извештајот на февизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година..

   Претседателот отвори дискусија по материјалот доставен за оваа точка.

ПРЕДЛОГ

Претседателот ја покани Елена Адамова да го презентира извештајот на независниот ревизор, а потоа Кристина Тилиќ да го презентира извештајот на Надзорниот одбор.

Бидејќи присутните не се јавија за дискусија се пристапи кон гласање. Согласно резултатот од гласањето, Одлуката за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31 декември 2018 година беше едногласно усвоена.

5. **Усвојување на резултатите од изборот на членови на комисиите и органите на ИОРРМ.**

Бранка Стојановска, претседател на Работната група за спроведување на изборите, ги соопшти резултатите од гласањето.

Резултатите од целиот процес на гласање се детално наведени во Извештајот на работната група за спроведување на изборот на членови на органите и комисиите на ИОРРМ, што е даден во прилог на овој Записник.

Престедателот им честиташе на новоизбраните и повторно избраните членови на органите и комисите на ИОРРМ.

Откако беа исцрпени сите точки од дневниот ред, претседателот ја затвори 26 -та седница на Собранието на ИОРРМ.

**Подготвил,**
**Калина Велковска**
**10.06.2019 година**

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРМ**

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0201-239/04
04.07. 2019 год.
СКОПЈЕ

# Извештај на работната група за спроведување на избор на членови на органите и комисиите на Институтот

На 26-та седница на Собранието на ИОРРМ, која се одржа на 07.06.2019 година, присутните членови, согласно Статутот на Институтот, избираа членови на органи и комисии за членовите со истечен мандат. Се избираа членови на:

- Надзорен одбор
- Дисциплинска комисија
- Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

На седницата на Собранието се избра работна група за спроведување на изборот на членови на телата на Институтот, и тоа во состав:

1. Бранка Стојановска
2. Калина Велковска
3. Елена Трпковска Василевска

По извршеното тајно гласање за членови на Надзорен одбор и Комисиите во рамките на Институтот, работната група ги презеде гласачките кутии за да ги изброи гласовите.

За секоја гласачка кутија работната група го определи вкупниот број на гласачки ливчиња, број на неважечки и број на важечки ливчиња и изврши броење на гласовите согласно важечките гласачки ливчиња.

Работната група ги констатира следните резултати:

**Гласачко ливче бр. 1 – за избор на 1 (еден) член на <u>Надзорен одбор:</u>**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *27* |
| *Важечки* | *27* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

| | |
|---|---|
| 1. Симе Јовановски | 27 гласа |

Согласно резултатите од гласањето Симе Јовановски е избран за член на Надзорен одбор

**Гласачко ливче бр. 2 – за избор на 5 (пет) члена на <u>Дисциплинска комисија:</u>**

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *27* |
| *Важечки* | *25* |
| *Неважечки* | *2* |

***<u>Резултати:</u>***

| | |
|---|---|
| 1. Димитар Андоновски | 25 гласа |
| 2. Костадинка Китаноска | 25 гласа |
| 3. Звонко Кочовски | 25 гласа |
| 4. Радмила Миловановиќ | 25 гласа |
| 5. Билјана Поповска | 25 гласа |

Согласно резултатите од гласањето за членови беа избрани Димитар Андоновски, Костадинка Китаноска, Звонко Кочовски, Радмила Миловановиќ и Билјана Поповска

**Гласачко ливче бр. 3 – за избор на 1 (еден) член на** Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

| | |
|---|---|
| *Вкупно гласачки ливчиња* | *27* |
| *Важечки* | *27* |
| *Неважечки* | *0* |

***Резултати:***

1. Соња Чулева 27 гласа

Согласно резултатите од гласањето Соња Чулева е избрана за член на Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори.

Скопје, 20.06.2019 година

Од работната група:

Бранка Стојановска

Калина Велковска

Елена Трпковска Василевска